# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.27 од 05.02.2014 година**

### Член 1

Во Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија" број 95/12, 131/12 и 24/13), во членот 11 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:
"(2) Предлогот за востановување право на службеност го поднесува носителот на проектот на линиска инфраструктурна градба."

### Член 2

Во членот 28 став (1) алинеја 2 зборовите: „од членот 26 точка 3" се заменуваат со зборовите: „од членот 26 точка 2".
По ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:
"(2) По прибележувањето од ставот (1) алинеја 2 на овој член не може да се врши промена во јавната книга за запишување на правата на недвижностите.
(3) Правното дело со кое се врши промет на недвижноста од ставот (2) на овој член е ништовно."

### Член 3

Во членот 31 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:
"(3) Органот за експропријација е должен решението од ставот (1) на овој член да го донесе во рок од 20 дена од приемот на предлог за експропријација кој ги содржи податоците од членот 25 и доказите од членот 26 од овој закон."

### Член 4

Во членот 32 по ставот (1) се додаваат пет нови става (2), (3), (4), (5) и (6), кои гласат:
"(2) Управниот суд по приемот на тужба против решение за експропријација е должен препис од тужбата со прилозите во рок од три дена да ги достави на одговор до тужениот орган, кој е должен во рок од осум дена од денот на приемот на барањето од Управниот суд да достави одговор до Управниот суд со сите списи што се однесуваат на предметот.
(3) По приемот на списите советот кој одлучува по тужбата е должен да донесе одлука во рок од 30 дена од приемот на списите по предметот.
(4) Жалбата изјавена против одлуката од ставот (3) на овој член, Управниот суд заедно со списите по предметот е должен без одлагање, а најдоцна во рок од три дена од денот на приемот на жалбата да ја достави до Вишиот управен суд.
(5) Советот во Вишиот управен суд кој одлучува по жалбата изјавена против одлуката на Управниот суд со која е одлучено по тужба изјавена против решение за експропријација е должен да одлучи во рок од 30 дена од приемот на списите по предметот.
(6) Непостапувањето на советите во постапката утврдена во ставовите (3) и (5) на овој член, претставува основ за покренување на дисциплинска постапка за нестручно и несовесно постапување согласно со Законот за судови."

### Член 5

По членот 50 се додава нов член 50-а, кој гласи:

**"Член 50-а**

(1) Во постапката за одземање на правото на користење на градежното земјиште од членот 49 од овој закон соодветно се применуваат одредбите од овој закон кои се однесуваат на постапката за потполна експропријација.

(2) Кога се врши одземање на правото на користење на градежно земјиште заради реализација на јавен интерес од членот 6 од овој закон или јавен интерес од значење за Република Македонија утврден со други закони, предлогот за одземање на правото на користење го поднесува Државниот правобранител на Република Македонија.

(3) Кога се врши одземање на правото на користење на градежно земјиште заради реализација на јавен интерес од членот 7 од овој закон или јавен интерес од локално значење утврден со други закони, предлогот за одземање на правото на користење го поднесува единицата на локалната самоуправа, односно градот Скопје."

**Член 6**

По членот 51 се додаваат две нови глави V и VI и два нови члена 51-а и 51-б, кои гласат:

## „ V. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Член 51-а**

(1) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на одговорното лице и службеното лице во органот кој го донесол решението за експропријација, ако во утврдениот рок од членот 32 став (2) од овој закон не постапи по барањето поднесено од Управниот суд.

(2) Надлежен орган за изрекување на прекршочната санкција од ставот (1) на овој член е надлежниот суд.

## VI. НАДЗОР

**Член 51-б**

Надлежен орган за вршење на надзор на постапката од членот 32 став (2) од овој закон е Државниот управен инспекторат."

**Член 6**

Главата V станува Глава VII.

**Член 7**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за експропријација.

**Член 8**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".